РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
Бр 04-857/4
21.12.20
ВИНИЦА

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници ( "Сл.Весник на РМ " бр. 2//14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/2016, и 11/2018 ) и Правлиникот за формата и содржината на интерниот оглас , начинот на поднесување на пријавата за унапредување , начинот на спроведување на адмиистративната селекција и интервјуто , како и начинот на нивно бодирање и максимален број на бодови од постапката на селекција , во зависност од категорријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ( " Сл.Весник на РМ " бр.11/2015 и 35/2018 ) ОПШТИНА ВИНИЦА објавува :

ИНТЕРЕН ОГЛАС број 1/2020
За пополнување на работно место со унапредување

Општина Виница објавува Интерен оглас за унапредување на 1 ( еден ) административен службеник за следното работно место :

1. УПР 01 01 Г02 000 Виш референт - Виш референт-благајник – 1 ( еден ) извршител

Посебни услови :

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа: за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,

Распоред на работно време :Неделно работно време е од понеделник до петок, работни часови неделно 40 ( четириесет ) а дневно работно време е 8 ( осум ) работни часа од 08.00 до 16.00 часот

Паричниот нето износ на збирот од делот на основната плата за степен на образование и делот на плата за ниво изнесува : 16. 475 денари

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови :

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во општина Виница , кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во општина Виница , при што административниот службеник е потребно да ги исполнува и следните услови :

- да е оценет со оцена " А " или " Б " при последното оценување
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас ;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисцилинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас .

Заинтересираните административни службеници поденсуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на општина Виница до Одделението за управување со човечки ресурси и до службената адреса на Одделението за управување со човечки ресурси hrvinica@gmail.com

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следните докази :

- потврди за успешно реализирани обуки и / или
- потврди за успешно реалзирано меторство

Рокот за доставување на пријавите со доказите изнесува 5 ( пет ) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на web страните на општина Виница и Агенцијата за администрација .

Во пријавите кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот .

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци , ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ОПШТИНА ВИНИЦА

Секретар

Митко Илиевски